Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.11.2023 година му предлага на Советот да ја усвои следната:

**Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2024 година**

Општина Пробиштип во рамки на своите надлежности во текот на 2024 година ќе ги одбележи следните празници, манифестации и настани:

| Рб | Планирани активности и проекти | Финансирање | | |
|---|---|---|---|---|
| | | буџет | донација | друго |
| 1 | 7 Јануари-Божиќ<br>(5 Јануари Бадниково гранче).<br>6 Јануари- Бадникари кај Градоначалникот)<br>1.1. Берење на бадниково гранче и палење на коледарски оган.<br>- Ангажирање на автобуси за превоз на населението до месноста Жгури........................................................ 8.000,00<br>- Набавка на златник и сребреник за кумовите на настанот..................... 15.000,00<br>- Транспорт на маси за поставување на посната трпеза на местото на настанот.................................................. 6.000,00<br>Место на настан: месност Жгури и нас. Карпош<br>1.2. Најава на најголемиот христијански празник - Божиќ со Бадникари кои со литија ќе дојдат на Градски плоштад каде ќе ги прими Градоначалникот. Воедно | 37.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | црковниот хор ќе пее црковни и Божиќни песни.<br>- Набавка на бадникарски пакетчиња за Бадникарите.......................................................8.000,00<br>Место на настан: Градски плоштад. | | | |
| 2 | 19 Јануари-Водици<br>Во соработка со црковните одбори на црквите Пресвета Богородица од Пробиштип и св. Пречиста Богородица од Злетово, организирање на настан - осветување на водите во Пробиштип/Злетово и фрлање на светиот крст .<br>- Набавка на подароци за среќните пронаоѓачи на светиот крст (златници).............................................20.000,00<br>обезбедување на греана ракија и чај.................................................20.000,00<br>- Маици ....................................................10.000,00<br>- Крпи (бањарки).................................20.000,00<br>- 2 бадемантила (бањарки).............. 6.000,00 | 76.000,00 | | |
| 3. | 28 Јануари Св. Гаврил Лесновски<br>Чествување на прзникот на спомен обележјето на градскиот плоштад.<br>Набавка на цеќе.....................................1.000,00<br>Набавка на погача ..................................300,00 | 1.300,00 | | |
| 4. | 21 Март - Ден на пролетта, Манифестација „Зелникот на баба"- Меѓународна манифестација на која ќе има гости од Р. С. Македонија, Р. Бугарија и Р. Србија - Ревија на зелници и изработки од тесто.Промоција на овој специјалитет и презентација на | 492.000,00 | 300.000,00 Аплициран о до МК за поддршка за Проекти од национален интерес | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | изготвување на истиот. Културно уметничка програма.<br>Место на настанот: Градски плоштад<br>- Музички артисти...............................80.000,00<br>- Водител на настанот......................30.000,00<br>- Храна и пијалаци за учесници во програмата ...........................................70.000,00<br>- Потребни материјали (здели и др.).............................................................. 10.000,00<br>- Изработка и печатење на дипломи, благодарници, пластифицирани обележја на учесниците.................5.000,00<br>- Хартиена чинија со фолија.......8.000,00<br>- Даска за храна (брендирана - награда на натпреварувачите)...........................20.000,00<br>- Брендиран резбан трофеј Зелникот на баба 3 x 6.000,00+ ПД.....................20.000,00<br>- Престилка (брендирана)............70.000,00<br>- Превоз на маси за штандови на манифестацијата.............................. 6.000,00<br>- Бина, рампа, озвучување..........50.000,00<br>- Сместување и храна на гости од Р. Србија...................................................40.000,00<br>- Билборди<br>(реклама на настанот)..................32.000,00<br>- Тенда за заштита од временски влијанија...............................................21.000,00<br>Мобилни тоалети.............................30.000,00 | | | |
| 5. | Одбележување на 8 март, меѓународен ден на жената<br>Концерт по повод Денот на жената..................30.000,00<br>Набавка на цвеќе за настанот......20.000,00 | 50.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | 1-ви Април - Ден на шегата-Пробиштипски маскенбал<br>Дефиле и перформанс на групни маски од Пробиштип и повеќе градови во РСМ<br>- Водител на настанот.................... 28.000,00<br>- Фотографирање на настанот... 6.000,00<br>- Рекламен материјал....................20.000,00<br>- ПВЦ Украсни балони.................... 10.000,00<br>- Печатење на шарени знаменца од хартија............................................ 30.000,00<br>- Безопасна игла................................ 5.000,00<br>- Ластик (5м x 1 цм)............................ 1.000,00<br>- Огномет................................................ 25.000,00<br>- Озвучување и осветлување, рампа, Лед екран 32 квадрата (Во Злетово и Пробиштип)..........................................110.000,00<br>- Парични награди............................80.000,00<br>- Печатење на дипломи, ваучери и обележја на персоналот............... 4.000,00<br>- Поставување на настанот на билборди ......................................................................30.000,00<br>- Сместување и храна на гости од Р. Србија.................................................. 40.000,00<br>- Ручек за гостите/учесниците на манифестацијата..............................80.000,00<br>Ангажирање на аниматори..........60.000,00<br>Изработка и поставување на церада во Злетово за позадина....................... 35.000,00 | 564.000,00 | 221.000,00 Аплицирано до МК за поддршка за Проекти од национален интерес | |
| 7. | 3-ти Април - Нападот на Пробиштип од страна на Третата ударна бригада.<br><br>Набавка на свежо цвеќе............... 3.000,00<br>Модератор............................................2.000,00 | 5.000,00 | | |
| 8. | Одбележување на 27Април - Загинувањето на македонскиот револуционер Никола Карев - Полагање | 5.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на цвеќе на спомен обележјето на местото на загинување | | | |
| 9. | Велигден - Велигденски хепенинг<br>Одбележување на најголемиот празник на православните христијани.<br>Изложба на шарени велигденски јајца.<br>Натпревар за избор на најшарено велигденско јајце проследено со културно уметничка програма. Место на настан:<br>Градски плоштад<br>- Награди - грнчарија..........................8.000,00<br>- Парични награди.............................16.000,00<br>- Ваучери и Дипломи.........................2.000,00<br>- Украси ....................................................5.000,00<br>- Превоз на маси за настанот........6.000,00<br>- Ангажирање на пантомимичар12.000,00<br>- Церада 8 х 4 м. ...................................30.000,00<br>- Рампа, озвучување...........................30.000,00 | 109.000,00 | | |
| 10. | Ѓурѓовден<br>Покровителство на одбележувањето на денот на ромите. | 10.000,00 | | |
| 11 | 9-ти мај - Ден на победата над фашизмот<br>Место на настан:<br>- Дефиле на учениците од општинските училишта, посета на спомен бистата на Јаким Стојковски во центарот на градот читање на песни за паднатите борци и читање на реферат за значајот на овој празник и полагање на свежо цвеќе.<br>- Набавка на свежо цвеќе..............2.000,00 | 2.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | 18 Мај - Матурска забава<br>Дефиле на матурантите на градскиот плоштад, прогласување на најдобриот ученик на генерацијата и обраќање на Градоначалникот и Директорот на средното училиште.<br>- Огномет.............................................35.000,00<br>- Набавка на рози............................15.000,00<br>- Балони со хелиум.......................... 6.000,00<br>- Постер - позадина.........................15 .000,00<br>- Свечени украсни ленти............. 3.725,00<br>- Поставување на рампа, озвучување и осветлување.......................................35.000,00<br><br>Сттипендија за ученикот на генерација<br>- 2 x 3.000,00 x 6 m. = 36.000,00 + персонален данок 4.000,00 = 40.000,00<br>- 3 x 3.000,00 x 3m = 27.000,00 + 3.000,00 ПД...................................................................30.000,00 | 109.725,00<br><br>70.000,00 | | |
| 13. | Јуни - Јули - Лесновска ликовна колонија<br>Организација на Меѓународната манифестација Лесновска ликовна колонија<br>Место на настан: с. Лесново<br>- Набавка на храна и пијалоци | 120.000,00 | | |
| 14. | Културни настани во текот на летниот период (Меѓуопштинска соработка и други настани кои не се предвидени со програмата)..................................120.000,00<br>Обезбедување на рампа, озвучвање, осветлување на настаните............80.000,00 | 200.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 15. | 2-ри Август - Илинден, Ден на илинденското востание и првото заседание на АСНОМ<br>Празникот ќе се одбележи во Злетово, а во соработка со месната заедница на Злетово.<br>Место на настан:<br>-Повеќенаменско игралиште<br>- Набавка на свежо цвеќе.................2.000,00<br>- Коктел....................................................15.000,00<br>- Музички артист...............................50.000,00<br>- Рампа за позадина, осветлување, озвучување.............................................30.000,00<br>- Изработка на церада 8 x 4 м......30.000,00<br>- Фотографирање и снимање на настан..........................................................2.000,00 | 129.000,00 | | |
| 16. | 28-ми Август - Голема Богородица ,ден на рударите и патрон на градот<br>Свечена седница<br>Доделување на вредносни ваучери на ученици со освоени награди на републички натпревари.<br>Културни манифестации<br>(културно уметничка програма во рамки на „Неделата на спортот и културата")<br>Вечер на фолклорот, Рок вечер, вечер со македонски ѕвезди, вечер со Балкански ѕвезди.<br>Место на настан:<br>Градски плоштад, Плато пред Дом на култура. | 2.619.000,00 | 510.000,00 - Аплицирано до МК за поддршка за Проекти од национален интерес | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - Печатење на Билборди, плакати, флаери за реклама на настанот.30.000,00<br>- Украсни кеси.......................................... 3.000,00<br>Вечер на фолклорот<br>- Ангажирање на музички артисти.....................................................300.000,00<br>- Храна и пијалаци за учесниците...........................................30.000,00<br>Вечер со македонски ѕвезди<br>- Ангажман на музички артисти, вечер на македонска музика ............900.000,00<br>- Ангажман на водител............. 30.000,00<br>Мобилни тоалети...........................35.000,00<br>Обезбедување...................................71.000,00<br>Снимање и директно вклучување од местото на настанот на фејсбук................................................20.000,00<br>Балканска вечер<br>-Предгрупа.......................................120.000,00<br>-Голема бина со расвета, со озвучување и лед дисплеј x 3 дена............................................284.000,00<br>Изнајмување на инструменти....................................30.000,00<br>Свечена седница<br>- Ангажирање на музички артисти................................................120.000,00<br>- Рампа, озвучување и осветлување, лед дисплеј ..................................................48.000,00<br>- Свечен коктел.................................60.000,00<br>- Изнајмување на соби за одмор и спремање на музичките артисти................................................30.000,00<br>- Храна и пијалаци на ангажираните музички артисти..............................70.000,00 | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. | - Фотографирање и снимање на манифестацијата..........................15.000,00<br>- Превоз на маси, инвентар, реквизити за 25,26 и 27.08.2024................................ 6.000,00<br>- Изнајмување на безбедносна ограда....................................................20.000,00<br>- Доделување на вредносни ваучери на ученици и ментори кои имаат освоено прво, второ или трето место на републички или меѓународен натпревар.......................................150.000,00<br>- Доделување на трофеи (златни плакети и специјална плакета) на свечената седница..................................................40.000,00<br>Рудар рок фест.................................180.000,00<br>(Обезбедување на бина, озвучување, осветлување, заштитна ограда, музички артисти)<br>Изнајмув. на сценска опрема.....20.000,00<br>Изнајмување на мобилни Тоалети....................................................20.000,00<br>Храна и пијалаци за музичките артисти.....................................................20.000,00 | | | |
| 17. | Почеток на учебната година (Редоследно, секоја година се одбележува почетокот на учебната година во едно од основните општински училишта. На настанот присуствува Градоначалникот)<br>Дидактички материјали за сите првачиња на територија на општина Пробиштип............................................50.000,00<br>Ваучери за секое прваче во вредност од по 3.000,00 денари или вкупно 300.000,00 | 50.000,00<br><br>300.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18. | 8-ми Септември - Ден на ослободувањето на Пробиштип и ден на независноста и самостојноста на Република Македонија<br><br>- Набавка на свежо цвеќе..............1.000,00<br>- Набавка на знамиња на Република Северна Македонија......................30.000,00<br>- Набавка на спрејови во боја за сликање на улични графити.........................15.000,00 | 46.000,00 | | |
| 19. | 5 Октомври - Ден на учителот/учителката<br>Прогласување на најистакнати наставници за претходната учебна година<br>Место на настан:<br>Кино сала „Рудар“ Пробиштип<br>- Набавка на свежо цвеќе.................3.000,00<br>- Печатење на благодарници и набавка на свечени папки..................................5.000,00<br>- Лед екран 12м$^2$....................................18.000,00<br>Ангажирање на музички артисти....................................................40.000,00 | 66.000,00 | | |
| 20. | Октомври<br>Детска недела<br>(Прием на првачињата од страна на Градоначалник на општина Пробиштип.......................................... 6.000,00 | 6.000,00 | | |
| 21. | 11-ти Октомври - Ден на востанието во РМ<br>Место на настан:<br>Споменици од НОБ<br>Набавка на свежо цвеќе..................2.000,00 | 3.000,00 | | |
| 22. | 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба<br>- Набавка на свежо цвеќе.................2.000,00 | 2.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | 8 Декември - Св. Климент Охридски<br>Фото изложба по Конкурс за најдобра фотографија со мотиви од општина Пробиштип<br>- Парични награди.............................15.000,00<br>- Печатење на Благодарници и ваучери...................................................2.000,00<br>- организациски трошоци............2.000,00<br>_ Музички настап.......................... 30.000,00<br>Озвучување........................................10.000,00 | 59.000,00 | | |
| 24. | 31-ви Декември - Нова Година<br>Новогодишна приредба - Дедо мраз меѓу пробиштипјани и злетовчани<br>- Набавка на бонбони........................30.000,00<br>- Хонорар - Дедо Мраз....................... 6.000,00<br>- Набавка на чоколади за дечињата кои ќе го посетат Градоначалникот...6.000,00<br>- Фотографирање и снимање на манифестацијата...................................6.000,00<br>Ангажирање на аниматори...........60.000,00<br>Бина, озвучување, осветлување.60.000,00 | 168.000,00 | | |
| 25. | -Превоз на учесниците од Пробиштип на Струмичкиот карневал.........20.000,00 - Прилепскиот карневал............. 26.000,00<br>-Радовишки карневал................. 15.000,00<br>- Храна (сендвичи и вода)..........30.000,00 | 91.000,00 | | |
| 26. | Поддршка на невладини организации кои се бават со дејноста култура и одбележување на одредени значајни датуми од нашата историја, а кои ќе бидат вклучени во одбележувањето на општински празници и културни манифестации или ќе ја претставуваат општината на некоја значајна манифестација. | 100.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27. | Поддршка на Месни заедници во областа на културата (манифестации, настани) | 60.000,00 | | |
| 28. | Поддршка на општинските училишта за реализирање на активности од Стратегијата на општина Пробиштип за Меѓуетничка интеграција во образованието (Овие средства ќе се искористат претежно како поддршка за патување на учениците до нивните партнер училишта во рамки на државата)<br>- 3 Училишта х 30.000,00 денари | 100.000,00 | | |
| 29. | Други потребни работи за потреби на општина Пробиштип<br>- Врамување на слики.......................36.000,00<br>- Резбана кутија со ликот на Св. Гаврил Лесновски и Св. Гаврил Светогорец (за подарок)..................................................36.000,00<br>Резбана кутија за накит (за подарок)..................................................36.000,00 | 108.000,00 | | |
| 30. | Презентација на општина Пробиштип | 250.000,00 | | |
| ВКУПНО : | | 6.050.025,00 | 1.034.000,00 | |
| СЕ ВКУПНО: | | 7.084.025,00 | | |

За реализирање на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Пробиштип. Дел од средствата ќе бидат обезбедени преку спонзорство, а имаме и аплицирано до Министерство за култура за Проекти од национален интерес, од каде се надеваме дека ќе добиеме некои средства. Во реализацијата на оваа програма ќе се вклучат Основните училишта, Средното училиште, Детската градинка, Домот на култура и други установи и организации од општина Пробиштип. Инаку при планирање на Програмата, се земени во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родовата рамноправност.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 26-1097/29
17.11.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов